„Кој ќе посети гатач и ќе го праша за нешто, намазот нема да му се прими четириесет ноќи.“

Од една од сопругите на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, се пренесува дека тој рекол: „Кој ќе посети гатач и ќе го праша за нешто, намазот нема да му се прими четириесет ноќи.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, нè предупредува да не одиме кај гатач кој, на овој или оној начин, тврди дека го знае гајбот, служејќи се со разни методи. Дури и само да се праша за нешто од невидливото, Аллах на тој што прашал нема да му ја даде наградата за намазот во период од четириесет дена. Таа е казната за овој грев и за големиот престап што го направил.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5986